## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Петото продолжение на Сто и единаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 9 ноември 2005 година

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Почитувани пратеници продолжуваме со работа по 111-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Тито Петковски, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Илија Китановски, Ванчо Георгиев,Игор Ивановски, Рафет Муминовиќ, Али Ахмети,Фазли Велиу, Ванчо Стаменков и Абдулади Вејсели ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Отворам претрес по амандманот на член 177 за додавање на два нови става по ставот 1, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Во сценариото не пишува дали претставникот на Владата се согласил.

Повелете господине министре, имате збор.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Тромбев.

**Томе Тромбев:** Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани пратеници, навистина во мал број сме и не знам ефектот на моето изјаснување дали ќе биде во ред во овој момент, бидејќи за изгласување на овој амадман ќе ни треба минимум 40 гласа.

Меѓутоа, што е логиката на овој амандман кој го поднесе Комисијата за транспорт, врски и екологија. Фактички, ова претставува враќање на првобитното решение кое ни беше поставено во самиот закон околу преодното финансирање на Македонската радиотелевизија во транзициониот период во наредните три или со одреден амандман шест месеци.

За да биде појасно на сите, јас би го прочитал самиот амандман кој вели во два нови става кои предлагаме да се вратат во оригиналниот закон кој го имаме, а и така ни е доставен од Влада, но потоа Владата по една недела откако го достави самиот закон достави амандмани со кои ги укина двата става од членот 177. Тие два става гласат:

До отпочнување на примената на одредбите од ставот 1 на овој член средствата до 80% од вкупниот износ на радиодифузната такса кои би требало да се приберат, според евиденцијата, во регистарот на обврзници на радиодифузна такса се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

Средствата ќе се насочат кон корисниците на радиодифузната такса во сооднос утврден со член 149 став 1 од овој закон.

Третиот став би бил, до отпочнување на примената на одредбите од став 1 од овој член финансирањето односно наплатата на радиодифузната такса ќе продолжи да се врши согласно одредбите на законот за радиодифузна дејност "Службен весник на Република Македонија број 20/97" и наплатените средства се уплаќаат во Буџетот на Република Македонија.

Фактички ова значи дека сите средства од радиодифузната такса ќе се слеваат во Буџетот на Република Македонија, меѓутоа, поради проблемот на нередовната уплата од страна на граѓаните на радиодифузната такса, Буџетот ќе биде обврзан во наредните три месеци да го сервисира работењето на Македонската радиотелевизија како некој транзиционен период до воведување на новиот модел на наплата на радиодифузна такса кој е воведен со овој закон.

Тоа е суштината на овој амандман. Комисијата за транспорт, врски и екологија ценеше дека е добро да се врати ваквото првобитно решение кое, пак кажувам, ни беше доставено со самиот закон како би можеле да имаме едно избалансирано решение со самиот закон кое, пак велам, дека во првобитното решение беше доставен.

Еве, толку за почеток, јас би побарал од пратениците да го поддржат овој амандман, бидејќи Комисијата за транспорт, врски и екологија како работно тело на Собранието има и одговорност, се разбира, да му предочи на Собранието на вакви значајни амандмани кои е битно да се усвојат во ова Собрание како би имале подобар законски текст. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Бидејќи се 50 пратеници потпишани, ќе ја продолжиме седницата во 11.30 часот.

(Седницата прекина во 11.06 часот).
(По паузата, седницата продолжи со работа во 11,31 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата, знам дека се доста во Клубот на пратениците, ги замолувам да дојдат. Без разлика опозиција - позиција, бидејќи сите сме овде основачи на радиодифузниот сервис на Република Македонија.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратениците.

(Службите го утврдуваат бојот на присутни пратеници)

Благодарам.

Ако може да ги заземете своите места, сега имаме 61 пратеник.

Амандман на член 177 за додавање два нови става по ставот 1 поднесен од Комисијата на транспорт, врски и екологија, објаснет од страна на пратеникот Томе Тромбев го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 пратеник, 53 гласале, 52 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот по член 91 за менување на став 1 поднесен од пратениците Драган Ѓорѓиев и Цветле Јанеска.

Го молам преставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази.

Повелете господине министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Ѓорѓиев.

**Драган Ѓорѓиев:** Благодарам претседателе.

И овој амандман е доставен во функција на дополнително финансирање на МРТВ како јавен радиодифузен сервис. Ние, со овој закон подобруваме во многу сфери финансирањето на сите учесници во радиодифузната дејност. Меѓутоа, јавниот радиодифузен сервис му даваме дополнителни финансиски обврски по одредени програми и програмски сервиси, а финансирањето од рекламирање на игри на среќа, на времетраењето и ударните термини му се ускратува. Ќе се доведеме во ситуација да државата мора во идно време да го финансира иако со тоа ќе се намали независноста на јавниот радиодифузен сервис. Тоа е спротивно на препораките на европските експерти.

Во соседните земји и кај членовите на Европската унија минимумот на маркетиншкото ограничување изнесува 10%. Сега ние одиме под тој минимум. Тоа е 7 %. Ваков пример немаме кај ниту една земја. Додека кај приватните, односно трговските радиодифузни друштва го даваме максимумот, односно 20% на маркетиншко ограничување. Тој максимум е доволно, повеќе од тоа не постои во ниту една земја. Тоа е во ред. На приватните им даваме максимум, меѓутоа кај јавниот радиодифузен сервис бареме да дадеме минимум. Ние одиме и под тој минимум.

Тоа значи дека во тој определен простор, во идно време, ако имаме приватни фирми што сакаат да се рекламираат и го исполнат овој цензус од 20%, кај трговските радиодифузни друштва, а сакаат плус да се рекламираат, ние не им дозволуваме да трошат финансиски средства на сметката на јавниот радиодифузен сервис. На таа штета државата ќе плаќа пари на овој јавен радиодифузен сервис. Тоа е како прво.

Како второ, ако во одреден временски период од 2-3 години финансиски зајакне МРТВ и технолошки ќе се опреми и ќе постои можност за намалување на радиодифузната такса за олеснување на граѓаните, да плаќаат место 300 денари по 150 или 200 денари, со што би се зголемил процентот на наплата и со што дополнително ќе се зголеми независноста на МРТВ.

Од тие причини е нејасно зошто Владата не го прифаќа овој амандман. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 67 присутни, 54 гласале, 10 за амандманот, 5 воздржани, 39 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 105 поднесен од пратениците Цветле Јанеска и Драган Ѓорѓиев.

Го молам преставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете господине Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа бидејќи од страна на Владата е поднесен амандман што е во иста насока со предложениот, а целосно е усогласен со членот 13 од Европската конвенција за прекугранична телевизија. Тоа е амандманот 11 од Владата.

**Љупчо Јордановски:** Не е прифатен амандманот. Госпоѓо Јанеска имате збор.

**Цветле Јанеска:** Амандманот го повлекуваме од причина што навистина Владата интервенираше со свој амандман, амандманот 11 и сметаме дека исцело, суштински содржината на нашиот амандман е вклучена во амандманот на Владата.

Да потсетам, целта на приложувањето на нашиот амандман беше дека рекламирањето и телешопингот не треба да го прикажуваат лица кои фрекфентно почесто се појавуваат во вестите и актуелните информативни емисии. Со тоа се отвора простор други лица да можат да го вршат истото и простор за вработување.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 117 став 2 поднесен од пратениците Лилјана Ивановска, Соња Лепиткова, Томе Тромбев, Драган Ѓорѓиев, Љупчо Балковски, Спиро Мавровски, Цветле Јанеска, Јани Макрадули, Андреј Жереновски и Слободан Чашуле.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Мехази министер за транспорт и врски. Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 117 став 5, поднесен од пратениците Рафис Алити, Ејуп Рустеми, Аднан Јашари и Абдулаќим Адеми.

Го молам министерот за транспорт и врски да се произнесе по овој амандман. Повелете господине Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 119, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Го молам министерот за транспорт и врски да се произнесе по овој амандман.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен, дали некој бара збор.

Повелете господине Тромбев.

**Томе Тромбев:** Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани пратеници,

И ова е еден од амандманите кои што беа во оригиналната верзија на Законот доставени до ова Собрание, кои што по една недела Владата со свои амандмани го промени. Имено во овој амандман се работи за трошоците за пренос на програмските сервиси на МРТВ, дека се праќаат или преку Буџет и исто така тука се и трошоците за создавање на програмски сервиси наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија. Фактички тука е финансирањето на собранискиот канал кој што треба да се финансира преку дотации од Буџетот.

По ова и како што кажав и претходно беше амандман во оригиналната верзија на законот и затоа како работно тело на Собранието, ценевме, поради конзистентност на самиот закон, да предложиме ова решение да остане во законското решение.

Затоа ве повикувам да го подржите овој амандман за да имаме едно конзистентно решение во однос на финансирањето, како на парламентот канал така и на сателитското емитување на МРТВ. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни, 53 гласале, 52 за амндманот, нема воздржани, 1 против.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 127 став 11, поднесен од пратениците Драган Ѓорѓиев и Цветле Јанеска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази. Повелете господине министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот се прифаќа, станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 140 став 4 поднесен од пратеникот Спиро Мавровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази. Повелете господине министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа, од причина што членовите на Управниот одбор не се вработени, имаат поинаков статус и функција од директорот и заменикот директор. Исто така, согласно процедурата за избор на директор утврдена со овој закон, не е оправдан неговиот избор, да биде ограничен на уште еден мандат доколку ги исполнува со закон утврдените услови и успешно ги вршел функциите.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Не е прифатен вашиот амандман, господине Мавровски имате збор.

**Спиро Мавровски:** Очекувано е дека не е прифатен.

Членот 140, став 4, зборот "повторен", се заменува со зборовите "уште еден". Се работи за работењето на извршниот директор и изборот на директор во МРТВ. Четвртиот став говори за извршниот директор на МРТВ и за заменик на извршниот директор, се избираат за период од четири години со право на повторен избор. Мојот предлог е само уште еден избор, затоа што знаеме што се случуваше во минатото. Еднаш директор - секогаш директор. Токму тоа треба да донесе нешто ново. Дали некој ќе работи добро, кога вие кажувате дека Управниот одбор е избран на четири години и тој одбор како ќе ги оценува и што ќе оценува, мислам дека треба да се даде можност на повеќе луѓе да придонесат во работењето на МРТВ. Да дојдат нови идеи. Имаме нови млади луѓе, така што шансата ја гледам тука. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Ова ми личи на она еднаш пратеник - секогаш пратеник.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни, 45 гласале, 10 за амандманот, нема воздржани, 35 против.

Бидејќи е голема разликата до 61, ги молам службите сепак да проверат колку се присутни.

(Службите проверуваат колку се присутни).

Присутни се 65 пратеници.

Мојата констатација дека се повеќе од 61, точно се 65, значи е точна, а со тоа гласањето е валидно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амангамнот со член 173 став 1, за бришење на став 2, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Го молам министерот да се изјасни во врска со овој амандман.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законто.

Овторам претрес по амандманот на член 173 став 1 и 4, поднесен од пратениците Драган Ѓорѓиев и Цветле Јанеска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете господине Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа, поради тоа што концептот на Предлогот на законот е да овозможи побрза трансформација на постојните јавни и локални претпријатија. Од таа причина сметаме дека пролонгирањето на рокот за нивна трансформација од 6 на 12 месеци не е во согласност со целите што треба да се обезбедат со Предлогот на законот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни, 51 гласале, 9 за, нема воздржани, 42 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Овторам претрес на амандманот за додавање на нав член 177-а по членот 177, поднесен од пратениците Лилјана Ивановкса, Соња Липиткова, Томе Тромбев, Драган Ѓорѓиев, Љупчо Балковски, Спиро Мавровски и Цветле Јанеска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Мехази,министер за транспорт и врски.

Повелете господине министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Збор има госпоѓа Ивановска. Повелете госпоѓо Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе.

Овој амандман е поврзан со Центарот за аудиовизуелното архивирање и документирање, што вчера го дискутиравме и е од групата амандмани што го решаваше тој проблем.

Меѓутоа, затоа што претходните амандмани не беа изгласани, за жал, за формирање на оваа институција, овој амандман веќе повеќе нема смисла и затоа од името на предлагачите го повлекувам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 145 за додавање нова алинеја 4 по алинеја 3, поднесен од пртеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски. Повелете господине Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Не е прифатен амандманот.

Госпоѓо Бонева повелете за прв пат.

**Силвана Бонева:** Почитуван господине претседателе, јас и вчера кажав дека ги повлекувам двата амандмани кои што се поврзани со Фондот, бидејќи Фондот не беше, мислам немаше разбирање за да се формира фонд и од тие причини веќе е безпредметен и едниот што помина и овој амандман. Го повлекувам и овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Од вчера до денес не сум ги погледал стенограмите, но амандманот е повлечен.

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот за менување на членовите од 145 до 151, поднесен од пратениците Томе Тромбев, Љупчо Балковски, Спиро Мавровски, Лилјана Ивановска, Драган Ѓорѓиев, Цветле Јанеска, Ејуп Рустени, Соња Лепиткова, Рафис Алити, Драго Шајноски, Никола Ќуркчиев и Слободан Чашуле.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски, господинот Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни пратеници 53 гласале, 17 за амандманот, 2 воздржани и 34 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Господине Макрадули, имате збор, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, почитуван министре, колешки и колеги пратеници,

Обично не дискутирам по текстот на законот, бидејќи тоа и го сваќам така што согласно Деловникот доколку се променат некои членови во текот на расправата после усвојувањето на некои амандмани, дојде до суштинско пореметување на текстот во одредени делови на Законот и бидејќи во врска со овој закон имавме таква ситуација, би сакал да укажам на некои работи кои мислам дека во иднина ќе направат проблем во имплементацијата на овој закон.

Јас и во првата фаза реков дека носењето на овој закон е исклучително тешка комплексна работа и ја поздравив решителноста, пред се, на министерот да дојде до решение кое што ќе се обиде да ги конвергира сите различни интереси во оваа комплексна струка, бидејќи премногу луѓе или премногу различни интересни здруженија, асоцијации, организации се вклучени или зависат од после донесувањето на овој закон. И, тогаш имав впечаток, но сега ми се потврдува дека непотребно законот го оптоваривме со вметнувањето на лек специјалист со Законот за основање на Македонската радио телевизија внатре и на тој начин на демократичноста и транспарентноста во работата на Советот на радиодифузија или во радиодифузната дејност, непотребно фрливме една сенка и практично како од сега да почнуваат работите. Сите решенија и сите дебати што тука ги имавме најмногу време изгубивме и амандманите беа поврзани со функционирањето на Јавното претпријатие на МРТВ и со тоа се остава погрешен впечаток дека работите или не биле регулирани или законот за радиодифузија е поврзан единствено со МРТВ.

Затоа сметам дека таа грешка веројатно сите ја споделуваме, без разлика од целото парламентарното мнозинство или Владата како предлагач што се реши на една ваква варијанта да се регулира оваа материја. Сите клучни амандмани што настанувaа беа во однос на финансирањето на МРТВ како непотребно да ги занемариме сите оние приватни здруженија, асоцијации кои учествуваат во процесот на информирање или на радиодифузна дејност во Република Македонија.

Сакам да укажам на три работи кои се изменија меѓу време со амандманите на Владата.

Прво, и во првата фаза мислам дека тука беше поддршката од скоро сите пратеници дека во една од варијантите или долго време егзистираше еден од предлагачите за членови на Советот на радиодифузија да биде претседателот на државата. Мислам дека, можеби ќе звучи грубо, бришењето на таа алинеја е непотребно и мислам дека требаше да остане во решението. Овластените предлагачи ги поврзуваме со решението што дојде подоцна од Владата на Република Македонија, а тоа е членовите на Советот за радиодифузија да бидат во професионален состав. Сега, ќе кажам зошто мислам дека тоа ќе биде тешко за имплементирање во периодот што ни претстои. Овластен предлагач е МАНУ. Таа сега не може да предложи човек од својата фела, бидејќи не ми се верува дека некој академик ќе се реши да си даде отказ од таму каде што е и да се вработи во Советот за радиодифузија.

Второ, овластен предлагач е и Интеруниверзитетската комисија. Тие исто така треба да предложат не еден, туку повеќе кандидати реномирани од својата област и тие се хендикепирани, бидејќи не можат да предложат човек од својата област, па ќе треба да бараат невработено лице за да го вработат во Советот за радиодифузија, но тука ќе се изгуби улогата на овластените предлагач, да биде стручен со долгогодишно искуство од одредена област и на тој начин да придонесе во улогата на Советот на радиодифузија да биде регулатор, да дели совети и да има авторитет. Се покажало во праксата не е точно дека мора да биде човек во професионален работен однос да си ја врши совесно и одговорно функцијата. И, тука можеме да дебатираме. Човек согласно квалитетите како си ги прифаќа задачите, така може да одговори на обврските. Мислам дека работата во Советот за радиодифузија во досегашниот период се покажа дека без разлика што освен претседателот и заменикот претседател, луѓето не биле професионално вработени, ја извршиле таа советодавна улога или онаа улога што требало да ја одиграат во еден период од 1997 година кога практично настана експанзија на медиумскиот плурализам во Република Македонија. Затоа, велам дека ќе настане проблем како овластени предлагачи да бидат и тие бараат луѓе што не припаѓаат на нивната област, па затоа тие се овластени предлагачи. Интеруниверзитетската комисија треба да понуди човек од универзитетите, а не може да го бара на друго место. МАНУ треба да предложи човек што ќе му одговара на нивото на предлагачот, не може да го бара алтернативно на друго место. Затоа мислам дека тука ќе настане одолговлечување на целата постапка. За жал, во првата фаза беше професионалниот состав и мислам дека повеќето пратеници се сложивме не треба да биде, а Владата дојде со предлог да не бидат професионалци, но меѓу време во понеделникот добивме нов амандман и затоа мислам дека имам право да дискутирам во однос на оваа точка и одговара на деловничката обврска кога треба да зборуваме по текстот.

Втора работа, сметам дека периодот кој што е даден со роковите е долг да се конституираат сите институции. Мислам дека ќе помине еден подолг период, различни интересни групи, различни состаноци да можат да изнајдат луѓе кои ќе може да ги делегираат кога ќе може и кога ќе треба, за да почне да функционира новиот совет за радиодифузија.

Не мислам дека досегашната пракса, а тоа го реков во првата фаза Комисијата за избори и именувања предлагала лоши луѓе. Ние имавме во овој состав кога се предложија двајца кандидати, беа изгласани од сите. Значи, тука без разлика дали е позиција или опозиција сме предложиле некои луѓе што беа поддржани од сите пратеници, што кажува дека имаме сили и можности во Комисијата за избори и именувања да предложиме луѓе што ќе бидат прифатливи за јавноста и за различните опции што тука ги имаме.

Уште две работи сакам да кажам во однос на роковите. Ќе се сложам со она што беше одговор на еден амандман и министерот кажа дека се за брзи рокови, пред се, во однос на задачите што Советот за радиодифузија ги има да ја оцени состојбата со локалните јавни претпријатија, но мислам дека шест месеци сам Советот не може да ја заврши таа работа, туку треба да се вклучат не само Агенцијата за информации, туку како што беше и амандманот и други релевантни институции во изнаоѓање на решенија. За жал, Владата тука не ја пресече работата и се остави еден период од шест месеци Советот да даде препорака, но и Советот нема мандат во период кога во тие шест месеци ќе се бира нов и кога приоритет нема да биде. Значи, сакам да укажам на една работа што, за жал, можеби дај боже да ме демантира времето, не ќе успее чисто од различни интереси што постојат, а и што умот ќе им биде на друго место, не ќе можат таа работа да ја завршат.

И, последната работа што сакам да ја укажам, мислам дека тука, за жал, јас не бев тој ден на седница и мислам дека парламентарното мнозинство требаше да собере сили и сите пратеници да го изглгасаме и да го поддржиме амандманот за верските заедници, религиозните групи да не можат да основаат свои телевизиски програми. Што ќе се случи во пракса? Бидејќи политичките партии не смеат да основаат свои телевизии, секоја политичка партија ќе се врзе за различна религиозна група. Таа религиозна група не ни мора да постои, ќе се формира сега, ама ќе ја формира партија, за да може со телевизија тоа да го прави и да ја прави пропагандата. Не без разлика политичките партии се тргнати од законот, но не постои шанса кога ќе можат религиозни групи и верски заедници тоа да го прават. Значи, не зборувам за пропагандата што тие си ја вршеле, туку зборувам за тоа дека тоа ќе биде злоупотребено секоја политичка партија ќе си одбере религиосна група, ќе ја финансира телевизијата и таа ќе ја емитува. За жал, таков пример, без разлика на некои препораки можеби е добар, ама во земјите на ОБСЕ нема. Значи, ОБСЕ можеби препорачува, можеби тој пример е идеален, ама таков пример нема. Мислам дека тука требаше да собереме сили и тоа исто така во пракса ќе се покаже дека ќе биде, за жал, од некои политички партии злоупотребено, за да си продуцираат свој сервис или своја пропаганда по медиумите.

Почнав така и ќе завршам дека е ова комплексен закон, направен е напор да се конвергираат сите интереси на различни асоцијации, здруженија, јавни сервиси, ги поздравувам напорите што ги направи Министерството, пред се реков, министерот, но сакав да укажам на овие работи кои што можеби во пракса ќе направат проблеми.

Вчера слушав некои приватни медиуми повторно целиот приоритет или акцент го ставаат на МРТВ, па затоа реков вметнувањето на тоа не одвлече од патот дека носиме еден модерен закон за радиодифузна дејност, ама од друга страна дел од тие приватни телевизии ниту дале толку пари за телевизијата, ниту имаат кадар стручен за да може да одговара на обврските, ниту имаат дипломирани сценографи, дипломирани реализатори, организатори и тн., туку си тераат по некоја своја логика. Но, трн во око е МРТВ и затоа реков во тој дел од кога се вметна ќе се добие погрешен впечаток дека Законот за радиодифузна дејност се однесува само за тоа, а не за регулирање на една цела област.

Ќе гласам за, со овие укажувања. Се надевам дека времето ќе ме демантира, но се плашам дека некои работи ќе бидат така. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Макрадули.

Господине Мавровски, повелете имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам претседателе,

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги.

Еве, пред нас веќе стигнавме да ја поминеме амандманската расправа за законот кој што сите во Македонија со нетрпение го очекуваат и за кој што во меѓувреме во овие три ипол години Предлог-законот за радиодифузна дејност, за кој што во овие три ипол години добивме повеќе од четири предлози по кои што се раpраваше во овој Парламент со денови. Сепак, дојдовме во ситуација она што Владата го вети веќе во 2002 година после тој фамозен 15 септември дека крајот на декември ќе го имаме Законот за радиодифузија и дека после тоа ќе се решат многу проблеми и работи кои што тежат во радиодифузијата комплетно, почнувајќи од МРТВ, по приватните медиуми и се она што се случува со јавните дифузери. Ова е еден галиматијас кој во моментот владее во Република Македонија. Но, за жал, доаѓањето на Законот, претпоставувам дека Владата е обврзана со некој временски рок и начинот на кој што во последен момент се донесуваат решенија, кои во овој момент изгледаат како решенија кои што треба само да ги донесеме, само за да запазиме еден рок. Тоа понатаму може да донесе многу проблеми за кои што некој друг ќе треба да носи уште два други закони и да го поправи сето ова што ние во моментот го донесовме. Колку сме спремни сето ова да го прифатиме и одговорни како пратеници, затоа што ние го носиме законот, треба да се погледаме во очи и да кажеме тука пред сите. Затоа што, во последната фаза на

законот, да не се сватам погрешно и критизерски, еве ја користам приликата да го поздравам претседателот на Комисијата за транспорт и врски бидејќи мислам дека она што го направи Комисијата за транспорт и врски со тие 30 амандмани и со активното учество во донесувањето на овој закон е токму тоа што сите комисии во Собранието би требало да работат. Значи, се најде заеднички јазик за многу работи, но за жал, овој закон и ова што Владата го прави и на последниот ден во почеток на расправата, ние добиваме уште 24 амандмани кои стануваат составен дел на законот и кои не се разгледани на Комисија, а можеби требаше да побараме и прекин на вчерашната расправа за да може Комисијата повторно да се состане. Сето тоа, затоа што се работи за егзистенцијални работи во кои што на крајот на краиштата и Македонската телевизија и приватните медиуми, можеби да ги донесеме во една многу непријатна ситуација. Многу пати тука добро кажавме дека еден закон е добар, само ако биде применлив. И вие како Министерство, сигурно дека најважната работа за вас е законот што ќе го донесеме, утре како што велиме, да види некој аир од тој закон и да можеме да имаме капацитет сето тоа да го спроведеме. Ако ние сега бегаме од нашите обврски и ги префрламе на некои други министерства, ги префрламе на други асоцијации кои што треба да решаваат и да одлучуваат, само правиме нешто за кое што повторно тука со денови ќе расправаме, повторно ќе бараме решение и на крајот повторно ќе донесеме погрешно решение. Значи, еднаш искривена работа, треба многу пати да се поправа.

И тоа е страшното што ни се случува цело време, мислам дека требаше да се најде сила, требаше да се најде начин, за сето ова јавно да се проговори и да се каже. Ако чекавме триипол години, без разлика кој од нас бара, а бараат многу, ќе требаше да донесеме закон, кој што после триипол години, ќе донесе нешто што во оваа сфера ќе промени се. Затоа што се согласувам и со господинот Макрадули дека многу работи не чинат и дека сега се концентрира на Македонската телевизија. Еден колега од нашата Комисија предложи ако државата повеќе нема пари, затоа што ние тука разгледувавме многу пати извештаи на Македонската телевизија, после која што сите едногласно гласавме дека треба да се доделат средства, дека треба технички да се усогласи, дека Македонската телевизија треба да биде сервис на граѓаните и дека треба да почне да функционира. Но еве јас и на последната седница и за овој Буџет ќе го прашам министерот за финансии колку пари се оделени за Македонската телевизија, како таа функционира, што од она што пратениците беа гости во Македонската телевизија и видоа што денеска е променето, до каде е со дигитализацијата. Значи апсолутно ништо, освен ова што тука го кажуваме цело време, го пишуваме, го донесуваме како закон, а ништо не сме спровеле. Тоа е нашата голема грешка, на сите нас тука, затоа што најлесно е да го притиснеме копчето и тука приказната ќе заврши. Но приказната треба да има свој крај, а не само да ја завршуваме тука меѓу нас. Крјаот е тој дали Македонската телевизија понатаму ќе опстои, дали ќе има од досегашните 200 отказни решенија, уште 1000 други, затоа што добро е штокажуваме дека има технички способни луѓе, има сценографи, режисери, камермани и се останато што треба, но немаме телевизија. Во таа осумчасовна програма, ние гледаме Шпански серии, кои се гледаат во сите студија и сите приватни телевизии, кои што ги прави секој веќе во дворот и од тука ја емитува. Никој не плаќа ништо кој како ќе наде, и што може да најде од сето тоа, без дозвола се работи цело време. Донесуваме закон, се концентрираме на Македонската телевизија, никој ништо не кажа за кабелската. Веќе гледаме дека големите материјални интереси кои што ќе се јават во оваа сфера, имаше само еден амандман, во однос на она што значи гледаност од 200 илјади гледачи и тука треба да биде титлувано на македонски јазик. И тој амандман господине министре не го прифативте, а исто и пратениците дали знаеа за што се работи, помина така како што помина и сега се наоѓаме во една ситуација, апсолутно никој од нас не знае што понатаму ќе се случи. А борбата е токму во таа сфера каде што имаме кабелски оператори, каде што се работи за големи финансиски средства, придонесе во многу наши држави да се јават големи проблеми. На овој начин како што ние го донесовме Законот, едноставно нив ќе ги забраниме, затоа што во Република Македонија незнам кој од кабловските оператори е спремен да титулува на македонски јазик да оди таа програма. Или ќе треба да биде преснимана и реемитувана, директно многу тешко ќе оди. Не проговоривме ништо за оние сегнали и се што доаѓа во Република Македонија во овој закон за радиодифузија, како сето тоа би го забраниле, затоа што половина Македонија и повеќе е покриена со сигнали од соседните држави со радио сигнали, а нашите радија веќе поминувајќи 5 километри после границата, дали е Грција, Бугарија или Албанија, апсолутно, повеќе не може да се слушне. Тоа никој ништо не го кажа, иако двапати говоревме и на седници, но мислам тоа е тоа.

Понатаму, во самиот закон има моменти каде што ние гледаме делови каде што се гледа дека се препишувани од некаде, каде што во Европа можеби тоа функционира, но кај нас, еве би го зел членот 14 за кој што говорев физичко или правно лице мнозински содржник или функционер, како и поврзано лице во радиодифузер кој има дозвола за вршење на радиодифузна дејност на државно ниво, може да биде мнозински содржник на најмалку уште еден радиодифузер, кој има дозвола за вршење на радиодифузна дејност на регионално ниво и најмногу уште во два радиодифузери кои имаат дозвола за вршење радиодифузна дејност на локално ниво, при што наведените подрачја не се соседи. Сега кога ќе ја видиме Република

Македонија, ова значи ја покривате целата територија, или половина територија на Република Македонија. Сега кажуваме дека тука некаде можеби во Европа за една Германија или Франција, ова ќе биде многу нормално. За Република Македонија овој што го има ова право ја има половина Македонија под контрола и тука сега дали тоа ќе го контролира Советот за радиодифузија, или ќе контролира Агенцијата, Комисијата за заштита на конкуренција, апсолутно не е битно и вака како што е донесено во законот ќе има прелевање од една во друга страна.

Во однос на предлагачите, јас и на Комисијата говорев и сега морам да кажам. Ние правиме сега со избирањето на Советот за радиодифузија членови кои што од една страна ќе бидат со рок на траење да кажеме од две години, другите од 4, третите од 6 години. И сега е прашањето, ако сакаме да бидеме реални и рамноправни кон тие луѓе, одлуката, кој како и што носи МАНУ предлага еден Интеруниверзитетската три, Мнозинското здружение на новинари два и Комисијата за прашања на изборите и именувањата два или три. Сега, овие што ќе ги избере МАНУ можат да бидат две години во Советот. Сега едноставно прашање кој е критериумот Академијата можеби да избере и академици во овој Совет, тие да бидат две години, а некој што ќе ги избере Мнозинското здружение на новинари кој денес го имаме, а утре можеби да не е Мнозинско здружение на новинари, затоа што ќе се формира друго, тие се приватни асоцијации кои зависат само од бројот на членките кои се во ова здружение на новинарската фела. Значи денеска имаме едно мнозинско, уте може да има друго мнозинско кој е по овој закон ќе треба да предложи. Тука се јавува пробелмот. Значи, повторно нешто што не е врзано.

Во однос на она што говоревме за Советот, минситерот не прифати еден амандман од господата Драган Ѓорѓиев и Цветле Јанеска мислам дека беше, во кој што се дефинира платата за Советот за радиодифузија. Вие кажавте дека во делот тој е зафатено, дека ќе бидат професионално вработени и дека Советот на крајот на краиштата, ќе си донесува самиот одлука колкави средства ќе имаат како плата. Тоа го говоревме и на Комисија го говоревме и меѓу нас и мислам дека тој предлог каде што се дефинира колкава ќе биде максималната плата, требаше да биде прифатен, затоа што овој начин, после ние избираме регулаторни комисии, избираме незнам какви независни тела, каде што платите изнесуваат 80 или 100 илјади денари и ние како пратеници ќе бидеме поставени на столбот на срамот, заради тоа што ние сме ја покачиле платата за 200 илјади денари, а некој што ние сме го бирале зема двапати, трипати повеќе од овие луѓе што седат тука и што работат за нив. Мислам дека апсолутно е некорекно и ова треба да се прифати.

Во однос на она што значи делот кој што треба да ја работи техничката работа во Советот за радиодифузија, мислам дека треба да имаме барем една единствена дефинирана работа, а тоа е од прилика во соседните држави, што е она што треба да го дефинира бројот на луѓето што ќе работат. Ние таква работа не донесовме. Значи и тоа не е дефинирано и тука Стручната служба повторно ќе се формира, врз основ на тој што е претседател на Советот, или Управниот одбор, кој ќе ги определи овие луѓе.

Во однос на спортот имаше повеќе амандмани и разговори во однос на членовите каде што имаме реклама, каде што спортот во моментот во Република Македонија е донесен на најниски можни гранки и гледавме еден начин да почнеме со таа акција што долго време ја најавуваме исто како и овој закон за радиодифузија да се вклучи и Македонската телевизија во однос на бесплатното рекламирање, во однос на она што значи помош на клубовите. Но од друга страна, имаме рекламирање на пиво и други нежестоки пијалоци, но тука се вклучува и виното. Виното ако го прифатиме како национален производ, јас прифаќам дека е така и дека ќе мораме. Но исто така во Република Македонија и жолтата ракија е национален пијалок и ќе треба и таа да се прифати да може да се рекламира. Значи, се што е национално би требало да стои и ние да имаме дефинирано кое е тоа што треба да го рекламираме. Виното во секој случај е алкохол и тука ќе треба да се најде решение.

Има уште многу забелешки. Клучните забелешки доаѓаат до она што значи финансирање, каде што апсолутно, Министерството не најде начин каде што ќе следат допрва сите проблеми, затоа што, познавајки го министерот за финансии колку го има сенсот за ова што треба да биде радиодифузија, или како што беше ситуацијата со енергетиката во Република Македонија, мислам дека и Македонската телевизија и сите ние ќе имаме големи проблеми. Јас занм дека и тој ги има проблемите како да се распоредат тие пари, но сепак мора да се најде начин, илипак да се каже Македонската телевизија е до тука, да направиме некој сервис што ќе ги задржи националните интереси на државата, кој што понатаму ќе се развива и ќе функционира и да почне да функционира, како што е тоа во нашите соседни држави, каде што дел од тоа се приватизира и денеска имаат прекрасни програми, каде што можат најновите филмови во светот да ги имитуваат, каде што има спортска програма колку што сакате, за разлика од нив, ние сега го користиме овој наш собраниски канал атхок, каде што ќе се емитува и филмови и драми некои од 1965 година, 1970 година , што поголем број од тие артисти веќе се починати и ако е тоа перспективата и на Македонската телевизија и на овој закон што ние го носиме, мислам дека ова што сега го направивме, апсолутно, не ќе соодвествува со тоа и за жал, ќе биде неприменливо во пракса, а праксата е тоа што сите се бориме заедно да го направиме. Мислам

дека огромниот број амандмани повеќе од сто и нешто врз завршната верзија и тоа што вие на самиот ден на самата седница донесувате нови амандмани, апсолутно, кажува дека се брза само за некој рок. Тој рок можеме да го симнеме или да не го симнеме, но за жал овој закон мислам дека заслужуваше многу повеќе. Се почна добро, можеби требаше и да го повлечете во тие делови каде што нема решение да продолжи да се дискутира, дали тоа ќе биде за месец или два, да најдеме право решение и овдека да бидеме сигурни дека тоа решение после тоа ќе биде спроведливо. На овој начин, мислам дека ќе донесеме нешто, што после тоа ќе ни донесе многу повеќе главоболки дали вам, или на идната влада, во секој случај ќе има проблеми затоа што, реков и до сега донесовме многу закони, на хартија, сето тоа изгледа многу добро, но спроведливоста на тие закони до сега барем е катастрофална. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Господине Жерновски процедурално, повелете.

**Андреј Жерновски:** Господине потпретседателе, не мислам процедурално од говорница, меѓутоа, денеска ќе се согласите е историски ден за Република Македонија, каде што правиме еден од круцијалните чекори кон рамноправно членство во Европската унија. Од Македонската радио-телевизија, добив информација, а впрочем, го користиме нејзиниот сервис за овој пренос, одлучи да ја пренесува ПРЕС Конференцијата од Брисел во 12,45 минути. Би предложил да направиме пауза кога ќе започне преносот да можеме заедно ако имаме услови да го гледаме на нашиот екран, но и да им овозможиме на граѓаните на Република Македонија кои што го гледаат овој пренос на нашата седница да можат да се префрлат на втората програма и да ја следат ПРЕС Конференцијата каде посакуваме со сигурност да го добиеме зеленото светло. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Значи тоа е во 12,45 минути.

Господине Крстевски ќе завршиме ли до тогаш со дискусијата?

**Зоран Крстевски:** Во интерес да бидеме побрзо примени во Европска унија,јас само две минути ќе зборувам.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Зоран Крстевски.

**Зоран Крстевски:** Господине потпретседателе, пратеничката група на Либералната партија ќе се воздржи од позитивно давање на својот глас за овој закон. Овој закон, ваков каков што го процесуираше Владата на Република Македонија со многу пресврти во текот на амандманската расправа измени и дополнувања, создаде една какафонија која едноставно, не може вака лесно да се следи во еден закон. Но, покрај таа формална страна заради која го критикуваме законот, има неколку суштински прашања, кои се врзани со воведувањето на давањето концесии по овој закон.

Мислиме дека тоа прашање овдека не е среќно уредено во овој закон и остава голем простор и понатаму радиодифузниот простор и правото некој да се стекне било национална или локална дозвола за емитување на програма, да биде политизирано или искористено од политиката, со оглед на тоа што Советот за радиодифузија овдека има една хибридна, правна, институционална поставеност. Тој не е во суштина управен орган, но со овој закон и со принадлежностите кои му ги даваме, тој всушност, тоа и постанува. Погледнете го само членот во кој ќе видите дека овдека не се обезбедува на одлуките што Соетот за радиодифузија ги носи, не се обезбедува двостепеност, а му се даваат ингеренции кои се логика на остварување на институтите на управување.

Оттука, мислам дека овој закон најдобро беше Владата да го повлече, да го доработи и да го усогласи и со постоечките прописи.

Всушност, што направивме овдека? Сега дојдовме во ситуација овој орган кој има одличје на повисоко ниво на организација на едно здужение на возачи, да биде во позиција да дава и да одзема дозвола. А тоа, кај возачите не е така. Исто ќе биде и овдека со концесиите. Во зависност од тоа кој е на власт и која е неговата политичка волја да влијае на слободата на медиумите, тој така ќе се однесува по прашањето на давање или одземање на концесиите. Тој е крупен порпуст во овој закон. Владата ги деташира тие функции, но зад целокупната таа политика и монополизирање на правото на концесија, всушност, ќе стои политиката и затоа мислам дека овој закон во тој дел не треба да биде прифатен. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Крстевски.

По барање на координаторот на пратеничката група на Либералната партија давам еден час пауза.

(Објавувам пауза до 13,30 часот).

(По паузата седницата продолжи во 15,00 часот).

**Слободан Најдовски:** Можеме да продолжиме со работа.

Јас се извинувам што наместо како што е закажано во 13,30 часот, продолживме во 15,00 часот, но сепак имавме една пауза која беше за прилично убава работа.

Пред да продллжиме со работа, сакам во свое име, во името на сите вас пратениците овде да си честитаме, а посебно на граѓаните на Република Македонија за позитивната вест што Република Македонија ја доби од Брисел, признание за досегашната работа во Република Македонија, но истовремено и обврска да ги засучеме ракавите уште повеќе да работиме и што побрзо да дојдеме до конечната цел.

(Аплауз).

Продолжуваме со работа.

Пред да му дадам збор на пратеникот Љупчо Балковски, сакам да информирам односно да констатирам дека во меѓувреме Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 91 за додавање нов став 3 по ставот 2 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Истовремено Владата на Република Македонија го повлече амандманот на член 91 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен на 7 ноември 2005 година.

Констатирам дека предожениот амандман е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Има збор пратеникот Љупчо Балковски.

Повелете господине Балковски.

**Љупчо Балковски:** Почитуван господине потпретседателе, почитувани пратеници, претставници на Министерството за транспорт и врски,

Мислам дека после долго време стигна на дневен ред Законот за радиодифузија и од првичната размисла дека овој закон навистина ќе ги одреди сите начини на функционирање на овој закон и на сите чинители опфатени во овој закон мислам дека сега на крајот дојдовме до една ситуација и самата Влада, меѓутоа и пратениците да не знаеме воопшто кои амандмани на членови се усвоија, кои не се усвоија, а од друга страна и самата Влада имаше многу нејаснотии во однос на амандманите. Еве, се случи и после усвојувањето и целокупната амандманска расправа да ни пристигнуваат уште амандмани. Се надеваме дека тоа е со цел за подобрување на текстот на законот, меѓутоа, секој амандман што го добивавме од Владата беше со иста цел, имено, за подобрување на текстот на законот, а потоа веднаш се случуваше амандманот да биде повлечен и на тој амандман за подобрување на текстот да добиеме сосема различен амандман. Значи, ако беше целта подобрување на законот и јас навистина верувам во работата и на Комисијата за транспорт, врски и екологија и на Владата во однос на донесувањето на овој закон, затоа што учествуваа претставници и од Центарот за медиуми и ОБСЕ во целата работа, на крајот целата оваа работа и целиот закон мислам дека ќе придонесат за појава на некои проблеми, кои ќе се почувствуваат веќе утре и многу поголеми проблеми ќе имаме за шест месеци, кога некои одредби од овој закон ќе почнат да се применуваат, како на пример во однос на финансирањето на Македонската радио телевизија. Кога веќе спомнав за финансирањето на Македонската радио-телевизија, мислам дека тоа е сеуште најголемиот проблем, затоа што ние го донесовме Законот, Македонската радио-телевизија и денес со едно писмо до сите пратеници бараше да се донесе овој закон, овој закон ќе го донесеме, меѓутоа, мислам дека со донесувањето на овој закон воопшто не се решава проблемот на финансирање на Македонската радио-телевизија, особено што не се прифати амандманот од група пратеници каде што се даваат неколку амандмани на пет до шест членови како треба да се реши финансирањето на Македонската радио-телевизија.

Во образложението на тие амандмани, бидејќи многу брзо беше речено само со еден збор дека не се усвојуваат, немаше никакво образложение зошто овие амандмани за финансирање на Македонската радио-телевизија не се усвојуваат, а образложението на групата пратеници навистина е содржајно, би сакал пратениците но и сите други да ги запознам со тоа образложение, затоа што се надевам дека само на таков начин можеше да се реши трајно финансирањето на Македонската радио-телевизија, меѓутоа, тоа не беше усвоено од Собранието. Имено, согласно препораките за независност на Јавниот радиодифузен сервис од областа на радиодифузијата на Советот на Европа, државата е должна да обезбеди стабилен извор на финансирање на јавниот радиодифузен сервис и Регулаторното тело. Тоа во овој случај е направено во некои членови, меѓутоа, воопшто нема да биде така после шест месеци кога ќе стапи во сила начинот на финансирање на Македонската радио-телевизија.

Предложеното решение за финансирањето на Македонската радио-телевизија се темелеше на три принципи, а тоа се: прво, се намалува висината на радиодифузната такса од долгогодишните 2,5% од просечната плата на 1,75%, со што се цели да се подигне свеста на граѓаните за плаќањето на оваа обврска и би се постигнал поголем процент на уплатена радиодифузна такса. Тоа не го усвоивме ние, Владата го одби и навистина ќе бидат интересни анализите кои ќе стигнат после осум-девет месеци и ќе се види дека процентот на уплатена радиодифузна такса во многу мал број ќе биде или покачена или ќе биде спуштена во овој период, затоа што со вакво предожено решение во законот бидете сигурни дека не е обезбеден сигурен извор на финансирање на Македонската радио-телевизија. Законот е донесен, Македонската радио-телевизија сакаше да се донесе овој закон, ќе се донесе овој закон, меѓутоа, финансирањето веднаш по спроведувањето на овие одредби од овој закон ќе биде проблем за Македонската радио-телевизија и тогаш пак ова Собрание ќе дебатира како да се реши финансирањето на Македонската радио-телевизија.

Понатаму, врз основа на проекцијата според методологијата утврдена со овој закон Министерството за финансии треба секој месец да уплатува по 1/12 од целокупниот износ, со што корисниците на радиодифузната такса се сигурни во нивните средства и без поголеми проблеми требаше да ги реализираат своите обврски утврдени со закон, а врз основа на претходно донесени и јавно објавени планови за работа и финансиски планови. Ова е обврска според новиот закон, но и тоа нема да се направи.

И трето, преку прибирање на радиодифузната такса од страна на Управата за јавни приходи ќе се обезбедеше поголема сигурност и ефикасност во прибирањето на радиодифузната такса, бидејќи Управата за јавни приходи како надлежен државен орган располага со механизми.

На крајот, оваа радиодифузна такса годишно би изнесувала, според пресметките, 2500 денари.

Со ваквиот начин на прибирање на радиодифузната такса се ценеше дека навистина ќе резултира со поголем процент на наплата на оваа такса и сигурен извор на финансирање на Македонската радио-телевизија. Тоа не се направи. Немаше никакво објаснување од Владата зошто не беа прифатен овие амандмани, а од друга страна цело време законот најмногу беше сконцентриран и сите овие месеци се кажуваше дека на ваков начин законот ќе придонесе за реализирање и трајно финансирање на Македонската радио-телевизија. Многу брзо со годишните извештаи од Македонската радио-телевизија ќе ги добиеме истите извештаи како и до сега, немаме трајно финансирање, Собранието треба да најде начин, а Собранието со усвојување на извештајот, затоа што извештаите ќе се усвојуваат, ќе препорача до Владата да се најде трајно финансирање. Тука мислам дека е промашена целокупната работа.

Во однос на другите делови на овој закон мислам дека навистина има уште едно големо промашување, имено, заедн со финансирањето, требаШе да се усвои и Центарот за документирање, архивирање, истражување и заштита на аудовизуелното наследство. Сето тоа требаше да се направи само со една реченица, каде што после членот 85 група пратеници предложи да се додаде нов став од една реченица, кој гласеше: "Радиодифузните организации се должни документирањето, чувањето и архивирањето на аудиовизуелните дела да го вршат согласно законот" и законот ќе се направеше. Законот ќе се направеше заедно со претставниците на Министерството, заедно со заинтересирани пратеници и би рекол дека можевме да помогнеме и сите други што дадоа поддршка во однос на донесувањето на овој закон, па можеа да го направат и овој закон за овој Центар за истражување, документирање и архивирање. Меѓутоа, не знам од кои приини воопшто не се даде објаснување и ако веќе разговаравме и на Комисијата, на Комисијата за транспорт, врски и екологија исклучително професионално се работеше, дури имаше и една сесија во Битола заедно со претставниците на ОБСЕ, меѓутоа, ако веќе имавме две комисии и резговаравме и во Битола за тоа, ако и Владата навистина беше ангажирана овој закон да се донесе, мислам дека образлагањето на амандманите со една реченица дека не се прифаќа гој амандман не требаше да биде на таков начин, барем во амандманската расправа требаше да имаме различен пристап. Јас се согласувам да имаме различни согласувања, меѓутоа, сепак од страна на Владата да дојдеа и некои поконкретни објаснвуања во однос на тоа зошто не се поддржува ваквиот начин на финансирање, кога знаеме дека многу пати заради тоа се одлагаше и донесувањето на овој закон, а од друга страна зошто не се прецизираше донесувањето на законот каде што ќе биде Центарот за истражување, документирање и архивирање на аудиовизуелното наследство. Меѓутоа, сите овие промашувања би рекол на законот, затоа што не може поинаку да се каже, ги има и во однос на Советот за радиодифузија и тука ќе има многу големи проблеми кога ќе почне овој закон да функционира. Од друга страна, во однос на дозволите за вршење на радиодифузна дејност и одземањето на дозволите за вршење на радиодифузната дејност, кои се регулираат во членовите од 62 до 67, ќе се појават многу проблеми во функционирањето на законот, како и проблемот со рекламирањето, телешопинг и спонзорството.

Преносот на програмските сервиси преку јавни комуникациски мрежи веднаш го наметнува проблемот со Јавниот радиодифузен сервис и на овие членови имаше многу амандмани кои Комисијата ги разгледуваше, некои беа прифатени, некои не, меѓутоа, тоа што не е прифатено мислам дека ќе придонесе за појава на проблеми во функциноирање, односно спроведување на овој закон во однос на органите на Македонската радио-телевизија, а тоа се Советот на Македонската радио-телевизија, Управниот одбор на Македонската радио-телевизија и сега веќе извршниот директор и заменик на извршниот директор. Потоа утврдувањето на надлежностите на Советот од една страна, потоа Управниот одбор и тука ќе има проблеми во функционирањето на Македонската радио-телевизија, затоа што Управниот одбор ќе ги има надлежностите и Советот ќе има некои надлежности, тие ќе се преклопуваат, за да на крајот извршниот директор и сега веќе заменикот на извршниот директор да може тие работи или да ги решаваат самостојно, меѓутоа можеби воопшто нема да ја имаат поткрепата од Советот и Управниот одбор на Македонската радио-телевизија.Во членот 149 стои за средствата од наплатената радиодифузна такса, распоредувањето е направено прецизно, меѓутоа, во однос на Јавното претпријатие Македонска радио дифузија и Јавното претпријатие сега Македонска радио-телевизија со ваков начин ќе доведе до несогласување кога ќе дојде пресметката за процентите. Овде пишува колку проценти се распоредуваат, меѓутоа во однос на префрлување на средствата секогаш ќе има проблем Јавното претпријатие Македонска радио дифузија. Овие работи ги кажувам сега затоа што веднаш после сите проблеми што ќе настанат со овој закон би требало следењето на овој закон од страна на Министерството за транспорт и врски да биде јас би рекол и секојдневно и да се

реагира со измена и дополнување на овој закон, затоа што овој закон се донесува со 68 амандмани што се усвоија и повеќе од 100 амандмани што ги предложија сите други заинтересирани кои ќе трпат од овој закон и кои ќе го спроведуваат овој закон, а од друга страна и амандманите што ги предложи Владата со донесување, потоа повлекување и на некој начин несигурност дали некој амандман предложен од Владата ќе помине на Собранието или тој ќе се повлече, би требало овој закон многу брзо да претпри измена и дополнување. Мислам дека на таков начин ќе се дојде до еден закон кој ќе биде применлив. Вака, овој закон што денес ќе се усвои мислам ќе наиде на проблеми во спроведувањето и затоа многу брзо треба и ние како пратеници да иницираме измени и дополнувања на овој закон. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарма господине Балковски.

Има збор пратеникот Марија Којзеклиска. Повелете госпоѓо Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, претставници на Министерството за транспорт и врски, на почетокот сакам да предупредам дека не сум стручњак или експерт во оваа област, меѓутоа, се она што му претходеше на донесувањето на овој закон, сите јавни расправи кои беа по усвојувањето на Предлогот за донесување, значи првата фаза од донесувањето на законот, сите оние притисоци кои ги правеа разлини здруженија од областа на радиодифузната дејност укажуваат на важноста на донесувањето на овој закон за радидифузна дејност, што од друга страна ме мотивира за одредени сегменти да дискутирам. Ќе бидам кратка.

Генерално вака како што е предложен законот со сите оние измени од страна на Владата како што кажа и колегата Балковски, 68-те амандмани, повлекување на некои и новите амандмани од страна на Владата, кажува дека оваа област и во делот на Владата не е добро разработена или не е дорегулирана, а сомнеж се појави секако и кај колегите пратеници кои припаѓаат на владеачката позиција.

И, тука, во овој дел, потполно ќе се согласам со колегата Јани Макрадули кога го образложувше членот 23, 24 а во врска со членот 26 од законот за радиодифузна дејност, иако колегата Макрадули беше благ во однос на критиките и можноста за функционирање на Советот за радиодифузија во делот на овластените предлагачи и изборот на луѓето кои се наоѓаат како слободен фактор за да можат да влезат во Советот за радиодифузија, сметам дека Владата не ги додефинирала така како што треба или можеби го избрала најлошиот концепт кој нема да профункционира од аспект на профункционирање. Не од некој политички маркетинг или нешто друго, меѓутоа од несоодветна имплементација како што се сака со донесувањето и уредување на оваа една важна област во општеството во Република Македонија.

Вака генерално, искрено да ви кажам законот кога го читав сметам дека е донесен од две причини и тоа за да се уреди надлежноста на Советот за радиодифузија и да се даде да постои или да се уреди јавниот сервис МРТВ и Македонско радио. Тоа се двете причини кои сметам дека ја мотивирале Владата таа да го поднесе ваквиот предлог, закон за радиодифузна дејност, а таа моја сугестија или укажување го потврдува и она што денес го добивме на маса од страна на Јавното претпријатие МРТВ кои изразуваат посебно задоволство од тоа што овој закон дошол пред финале и ќе ги имаат сите оние ингеренции кои се наведени во законот, а кои се однесуваат на финансирањето на Македонската телевизија, а не она што е поврзано со МРТВ.

Јас ќе се обратам почитувани колеги и на еден сегмент од законот, а тоа е членот 173 од Законот за радиодифузна дејност, а кој се однесува на укинувањето на локалните претпријатија кои вршат радиодифузна дејност. Имено, овој член 173, во овој член е уредено дека Советот за радиодифузија во соаботка со Агенцијата за информации и во рок од 6 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, тој е должен да ја испита состојбата и да направи анализа на постојните јавни претпријатија кои вршат радиодифузна дејност, радио на локално ниво врз основа на која ќе донесе одлука со која ќе се одреди поголемиот дел од нив да добијат статус на регионални центри на јавното претпријатие Македонска радио телевизија, а на останатите ќе предложи решенија за нивна трансформација согласно одредбите од овој или друг закон.

Прво, со што не се сложувам со ваквата одредба е тоа дека рокот од 6 месеци, Советот за радиодифузија прво самиот не може да се конституира и самиот себе си да се најде во целиот систем, а второ, не да ги реши пак проблемите на локалните радиостаници кои егзистираат повеќе од 40 години во секоја општина во Република Македонија. Во овој член 173 во ставот 2 стои: "При определувањето кои од јавните претпријатија кои вршат радиодифузна дејнсот, радија на локално ниво ќе добијат статус на регионални центри на Јавното претпријатие МРТВ, Советот за радиодифузија е должен да добие согласност од МРТВ". Пак имаме тука некоја процедура, бирократска процедура, па Одлуката што треба да содржи, дадено е во 6 алинеи.

Ставот 3 вели "Јавните претпријатија кои вршат дејност на локално ниво должни се во рок од 6 месеци од денот на донесувањето на Одлуката од став 1, да ја извршат предложената трансформација во трговско радио друштво или непрофитна радиодифузна установа". Тоа е регулирано во наредниот став 4.

На крајот, во ставот 5 се вели "доколку јавните претпријатија кои вршат дејност на локално ниво, кои нема да постапат по Одлуката на Советот за радиодифузија, од став 1, се бришат од регистарот, а нивниот имот и обврски ги превзема Република Македонија".

Како што реков, над 40 години егизистираат доста локални радио станици во Република Македонија, основани се секаде, во секоја општина. Тие ги информираат граѓаните за сите проблеми или активности кои се однесуваат на локално ниво.

Факт е дека постои една реална потреба на граѓаните, а со оглед на актуелниот процес на децентрализација, кој тече во Република Македонија и сите оние непознаници кои се и за Владата и за градоначалниците и за советите на општините рефлектираат и на запознавањето на граѓаните на општината, со нивните права, обврски и должности.

Во Законот за локална самоуправа е наведено дека локалната самоуправа е должна да ги информира граѓаните за сите нејзини активности, почнуваќи од спортот, комунални дејности, градежните дејности, културата , образование итн, сите оние ингеренции кои постојат и кои децидно се наведени , мислам во членот 21 од Законот за локална самоуправа. Точно дека не се наведени инструментите низ кои локалната самоуправа ќе го врши информирањето на граѓаните, меѓутоа, факт е дека до сега тоа го правеа локалните радио станици. Тие беа едниствени кои ги запознаваа граѓаните во соодветните општини, за тоа каков проблем имаат граѓаните во одреден дел од градот или во одреден дел од општината, каде би можеле граѓаните да се обратат за да можат да го решат проблемот или во крајна линија да се актуелизира некој проблем, можеше да се случи единствено преку локалното радио. Сега, со ваквиот закон, ми се чини членот 173 од Законот за радиодифузна дејност, Советот за радиодифузија ќе прави регионални јавни претпријатија во кои ќе бидат вклучеи локалните радиодифузни претпријатија, но доколку ги исполнат тие и тие критериуми наведени во ставот 3 од истиот член. Се разбира дека тие локални претпријатија се основани од страна на советите на општините, значи тие се основачи. Меѓутоа, факт е и тоа дека локалната самоуправа не обезбедува доволно финансиски средства за да можат тие да профункционираат нормално или  како што треба. Со ваквиот Предлог од законот, од овој член од законот и тие средства на тие локални радиодифузни претпријатија ќе им бидат намалени, а тие што немаат не ги исполнуваат потребните критериуми ќе им бидат одземени, значи граѓаните ќе бидат подложени на информативен мрак во делот на локалните проблеми.

Ова не го велам од некаков политички маркетинг, ќе повторам, затоа што и тие регионални јавни претпријатија кои ќе вршат радиодифузна дејност прашање е колку ќе се интересираат што се случува во некој дел од општина Виница или општина Штип, или не знам која друга општина. Дали тие ќе бидат заинтересирани да ги актуелизираат проблемите на тие граѓани кои немаат водоводна мрежа или канализациона мрежа или една од останатите надлежности кои се на локалната самоуправа.

Како што реков претходно, ако генерално го погледнеме законот сметам дека најмногу, да не речам 100%, ама 80% овој закон е инициран заради заштита на Македонската радиотелевизија и заради утврдување на ингеренциите на Советот за радиодифузија кое пак е прашање како во иднина вистински ќе функционира.

Факт е и нешто друго, почитувани колеги, дека со овој закон се прави всушност мајоризација на Македонската радиотелевизија во делот на останатите радио дифузни претпријатија, а најмногу во делот, ќе повторам, на локалните претпријатија, радио дифузни претпријатија кои се занимаваат со проблемите на локалната самоуправа и на граѓаните кои живеат во тие општини, а велиме дека сме во тек на процес на децентрализација која во одредени делови ниту градоначалниците, ниту советниците знаат и можат или умеат да ја спроведат така како што треба. Можеби централната власт тука до некаде е виновна во одредени насоки, меѓутоа како тогаш граѓаните да бидат информирани за се она што им е важно и кое се однесува на нивниот секојдневен живот ако не преку локалните радио дифузни претпријатија. Факт е и дека 400 професионалци со долгогодишно искуство, најверојатно ќе останат без работа, не сакам да прејудицирам и покрај најдобрите намери на Владата да ги формира регионалните јавни претпријатија кои ќе вршат радио дифузна дејност, што пак од друга страна не е гаранција дека тие многу ќе се секираат за проблемите на граѓаните од соодветните општини во регионот кој ќе го покриваат.

Искрено да ви кажам, јас не знам, од типот дека ова е хармонизација со европското законодавство, држат со ваквиот предлог за радио дифузна дејност, затоа што има поинакви искуства  во Италија и во Франција, или ако сакате најсвеж пример тоа е во Република Словенија каде што за ваков сличен закон дури распишаа пред две или три недели референдум за статусот на јавното претпријатие.

Јасно е дека граѓаните ќе бидат најзасегната категорија со ваквиот закон и во делот на плаќањето на радио дифузната такса, но и во делот на информирањето, независно дали тоа го врши Македонската радиотелевизија или ќе го вршат регионалните јавни претпријатија затоа што, за жал, локалните ќе ги нема, кога ќе стапи на сила овој закон.

На крајот на краиштата и таа Македонска радиотелевизија ќе се финансира од парите на истите тие граѓани. Колкав е квалитетот на програмите на Македонската радиотелевизија

досега иако нивното оправдување е дека немаат доволно финансиски средства за да можат да продуцираат сопствена програма, немам јас пак ни гаранции од нивна страна дека доколу имаат пари дека ќе продуцираат своја сопствена програма и со каков квалитет ќе биде таа програма. Тоа не може никој да го каже освен времето. Значи, ако веќе сакаме да донесуваме закони и целта на секое граѓанско општество е центарот да биде граѓанинот, ние со ваквиот предлог на закон за радио дифузна дејност, во делот, ќе повторам, на локалните радио дифузни претпријатија им го одземаме правото на граѓаните да бидат информирани навремено и да можат и тие да се информираат за она што се случува во нивната општина. Можеби Владата има најдобри намери можеби и ќе профункционира, можеби како што вели колегата Балковски и ќе се појави неопходна потреба од блиски измени и дополнувања на законот за радио дифузна дејност токму при неговото практично имплементирање, но за тоа ќе мора да почекаме и да видиме како овој закон ќе функционира. Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

За збор се јави господинот Трендафилов Ѓорѓи, но тој не е тука, господин Слободан Чашуле не е тука.

Има збор пратеникот Бонева Силвана. Повелете, госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе, по два дена расправа по амандманите кои што беа доставени од наша страна, меѓутоа и од хаосот што беше направен од страна на Владата, бидејќи постојано ни се дотураа амандмани на предлог законот, сосема накратко ќе го искажам нашето мислење по однос на законот за кој што веќе треба да гласаме. Мора да го искажам нашето жалење дека не беше прифатен ниту еден амандман предложен од нашата пратеничка група иако сите тие беа во насока на усогласување на нашето законодавство со законодавството на Европската унија. Сметаме дека Владата требаше да создаде услови за дејствување на слободни и независни медиуми заедно со парламентарното мнозинство, меѓутоа се виде дека и понатаму се опстојува на ставот да се има директно политичко влијание врз медиумите. Не беше овозможено ниту формирање на центар за истражување, чување, документирање, понатаму, не беше овозможено да се формира фонд за поддршка на медиумите иако е тоа пракса во многу европски земји и наместо тоа средствата наменети за фондот ќе одат директно во Македонската радиотелевизија, а со префрлувањето на 10% од радио дифузната такса за финансирање на проектите од јавен интерес во Македонската радиотелевизија најголем дел од локалните телевизии и радија ќе згаснат бидејќи овие средства значат многу за нивното функционирање, а во нерамноправна положба се ставаат и останатите приватни радија и телевизии на национално ниво кои за проектите од јавен интерес ќе треба да конкурираат Македонската радиотелевизија. А, притоа не е утврдено со законот по кои критериуми Македонската радиотелевизија ќе ги дели овие средства на претставниците од оваа област.

Затоа ние со амандманите се трудевме да се формира фонд за поддршка на медиумите и на најтранспарентен и на најнезависен начин ослободен од разни политички влијанија да се вршеше распределбата на средствата од јавен интерес.

Понатаму, со законот се укинуваат локалните радио станици и со тоа се одзима можноста на граѓаните за изворно информирање за проблемите и за случувањата на ниво на локалните самоуправи. Убедена сум дека регионалните радио станици не можат да одговорат на потребите од изворно информирање како што тоа го правеа локалните радио станици, а да не зборуваме тука за технолошките вишоци кои што ќе произлезат од ваквата трансформација.

Се отфрли исто така и нашиот предлог за изборот на членови на Советот за радиодифузија да се врши двотретинско мнозинство и на тој начин ќе се избегнеше можноста од политичко влијание врз Советот за радио дифузија, меѓутоа сега остана со просто мнозинство да се носат ваквите одлуки. И, од сите тие причини сметаме дека законот за радио дифузија онака како што го има крајниот облик нема да придонесе за развојот на слободните и независните медиуми во Република Македонија и мислиме дека навистина сериозно Владата треба да размисли да го повлече законот, да размисли за сите понудени решенија и од пратениците на опозицијата имаше многу паметни предлози и од пратениците на парламентарното мнозинство и, без да брзаме да донесеме еден закон кој што ќе одговара на потребите на сите граѓани во Република Македонија за слободно, независно информирање, исто така, и еден демократски простор за дејствување на претпријатијата од оваа област. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Ивановска, имате збор.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги,

За разлика од претходните дискутанти, јас од името на пратеничката група на ЛДП ќе го изразам задоволството од конечното носење на законот за радиодифузија. За разлика од мојата колешка Бонева сметам дека овој закон, иако со некои работи кои можеа да се променат, конечно ќе може да се решаваат работите во сверата на радиодифузијата од повеќе причини. Повеќето амандмани кои што беа донесени поднесени од пратениците и од Влада, зборуваат дека Комисијата за транспорт и врски многу сериозно пристапи кон решавањето на прашањата во Законот за радиодифузија. Односот на Комисијата за транспорт и врски во почетокот,

претставниците на пратеничката група на ЛДП предложивме законот да се одложи за оваа седница и законот се одложи. Значи, сериозниот пристап на членовите на Комисијата за носењето на законот конечно носи еден текст кој што ги отвора решавањата на наталожените проблеми со години. А, политичките партии во позицијата во минатото повикуваа за неплаќање на радиодифузната такса, која што ја донесе МРТВ во таква финансиска состојба во каква што е. Меѓутоа, да не се навраќаме на минатото да зборуваме за она што го носиме. Затоа, ќе повторам, ќе го изразам задоволството за конечното носење на законот и интервенциите што беа направени во законот. Она што пратеничката група на ЛДП се залагаше кое што го соопшти неодамна на прес конференција се за амандманската расправа беа следните прашања, освен концептуалните залагања кои што се развој на медиумските плурализам и лојалната конкуренција, стабилното финансирање на јавниот радиодифузен сервис, независноста на Советот за радиодифузија како независно регулаторно тело. Не се согласувам со мојата колешка која претходно кажа дека политички независни медиуми, напротив со структурата на Советот за радиодифузија и со структурата на Советот на Макдонска радио-телевизија и управниот одбор и начинот на избор се обезбедува политичка независност, која што беше една од основните барања на европските директиви и конвенции. Така, таа политичка независност со овој закон е обезбедена. Она што политичката група на ЛДП се залагаше е тоа да се обезбеди развој на независната продукција, која што е обезбедена со 10% кои што сега во Советот за радиодифузија се пренесува во Макдонска радио-телевизија ние како пратеничка група сметаме дека подобро ќе беше да останеа во Советот за радиодифузија како што и досега тоа се правеше, меѓутоа искуството ќе покаже дали е тоа добро решение, ќе видиме, но ние сметаме дека Советот тоа можеше подобро да го прави.

Она на што исто така инсистиравме тоа е задржувањето на долгата традиција на радио 2. Овде сакам да искажам благодарност што министерството тој амандман предложен од пратениците на ЛДП поддржан од другите пратеници беше прифатен од страна на Министерството и таа долга традиција на Радио 2 ќе се одржи. Секако, имавме реакции во јавноста за укинувањето на Радио 2 и конечно Радио 2 остана понатаму во својата програма.

Она што, исто така, се залагавме тоа беа музичките квоти во програмската содржина. Исто така, тоа беше прифатено од страна на Владата.

Понатаму, воведувањето на прајн тајмот за радиотрговските друштва, кои што од 17 до 21 ќе биде исклучиво нивно, иако тоа за јавниот радиодифузен сервис значи намалување на средствата, меѓутоа, значи и развој и медиумскиот плурализам во Македонија, кој што пак беше став на пратеничката група на ЛДП, но беше амандман на Владата на Република Македонија.

Она што го зборуваа повеќе колеги пред мене беше статусот на локалните радиодифузни друштва. Решението во законот кој што го добивме е формирање на регионални продукциони центри и обврската да се создаваат програми од регионален интерес. Меѓутоа, со амандманот кој што го предложивме јас и мојата колешка Соња Лепиткова, кој што за жал не беше изгласан, беше можноста регионалните продукциони центри да емитуваат програма. На тој начин ќе се задржеше јавниот интерес на локално ниво. Меѓутоа, во иднина тоа може да се промени од кога ќе се формираат регионалните продукциони центри. Секако, во секое време е возможно измени и дополнувања на законот и мислам дека таа можност во иднина може да се отвори. Жалам што сега беше пропуштена можноста да се направи тоа.

Формирањето на Центарот на аудиовизуелното наследство секако може да се оствари и на друг начин. Овде се обидовме преку овој закон, а тоа беше иницијатива и на пратеничката група на ЛДП, исто така, го поддржамандманот повеќе пратеници од позицијата и од опозицијата, меѓутоа, центарот ќе почека некои други времиња, но се надевам дека наскоро со посебен закон ќе го оформиме и Центарот, но тука се бара средства за тој центар затоа што е поврзан со средства. Нашиот предлог беше со 2% од радиодифузната такса, меѓутоа, таа идеа не беше прифатена. Меѓутоа, тоа не значи дека е тоа хаос во Законот и дека Законот не е добар. Едноставно нудевме идеа која што можеше таа проблематика да ја реши.

Она што не се расчисти во текстот на Законот се казнените одредби. За тоа повеќе колеги во амандманската расправа дискутиравме за дијапазонот на казнените одредби од 300 илјади до 6 милиони денари, кој што остана неразјаснета во делот на мотивите за прекршоците, а тоа е користољубие. Сметам дека ова во иднина не знам дали може да се реши, но остава дилеми и простор за субјективност при изрекување на казните.

На крајот на моето излагање ќе кажам дека што следува после донесувањето на Закон за успешно имплементирање на овој закон. Најнапред треба што побрзо составот на советот за радиодифузија, Советот на Макдонска радио-телевизија да се изберат во најбрз можен рок. На тој начин и донесувањето на стратегијата на радиодифузија.

На крај сакав да кажам за состојбата на информирањето. Иако овој закон ќе донесе политичка независност на јавниот радиодифузен сервис и на Советот за радиодифузија, меѓутоа останува состојбата во информирањето да не се задоволни граѓаните, не се задоволни медиумите, не се задоволни политичарите. Довербата и објективноста на информирањето опаѓа. И тоа треба сите да не загрижи и нас и

медиумите. Затоа, е потребно заеднички тоа да го поправиме. Еден од начините тоа да го поправиме е донесување на закон за информирање. Во овој закон тоа се обидува да се направи во три глави на Законот, а тоа е правото на исправка, пристапот на информации и заштита на изворот на информации кој што решава во делот на радиодифузијата. Меѓутоа, тоа не е доволно за да се постигне објективност и одговорност, затоа што пласирањето на добра информација е една работа, пласирањето на дезинформација е друга работа и правото на исправка е трета работа. Овие правила на игра уште прецизно ги немаме воспоставено. И, овде исто така сакам да ја кажам економската зависност на медиумите, што е многу важно прашање и концентрација на центрите на моќ во одреден медиум. Тоа е прашање со кое понатаму треба да се занимаваме, меѓутоа многу важно прашање за објективно информирање на граѓаните. Затоа, Законот за информирање кој што треба да ги реши сопственичката структура, да нема монопол во еден медиум, што е многу опасно и за демократските процеси во Република Македонија. Сега, мора да зборуваме за економската моќ во медиумите, во сопственичката структура на медиумите.

Хрватска има донесено закон каде што максималната сопственост во одреден медиум е 30%. На тој начин немаме монопол во одреден медиум, а монополот има некаква функција,

И Законот за слободен пристап на информации кој што е повеќе важен за граѓаните, меѓутоа, важен е и за медиумите од аспект на да не се шират дезинформации околу одредени активности на институциите во државата. Како што кажав стратегијата за развој на радиодифузијата, која што треба да се изработи после донесувањето на законот.

На крај ќе повторам и ќе го изразам задоволството што конечно ќе го донесеме законот за радиодифузија, кој што е пак еден од законите кој што беше влезен и во прашалникот како обврска на овој Парламент. Затоа, сметам дека Законот е добра основа да се решаваат работите. Секако, како Комисија за транспорт и врски не сме задоволни во делот на решавањето на финансирањето на Јавниот радиодифузен сервис. Меѓутоа, понатаму треба да се овозможат услови со тие амандмански интервенции кои што ги направивме јавниот радиодифузен сервис да се трансформира, да се формираат регионалните продукциони центри и радиодифузните друштва да им се обезбеди нивно финансирање преку независната продукција и преку прајн тајмот што го добија во делот на рекламирањето. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Тромбев повелете. Сите сме некако така во една еуфорија, ве молам, бидете краток.

**Томе Тромбев:** Благодарам претседателе.

Јас ќе се потрудам навистина да бидам пократок, бидејќи гледам и трпението на пратениците е при крај. Еве веќе неколку денови зборуваме за Законот за радиодифузија и конечно јас се надевам дека сум последен говорник, ако нема после мене.

Јас би сакал да го искажам моето задоволство и благодарност до пратениците што еве денес усвоивме два според мене круцијални амандмани, кои што дадоа верба дека овој закон во наредниот период ќе биде спроведен. Особено амандманите во однос на финансирањето на јавниот радиодифузен сервис. Амандмание кои што денес утрово пратениците му дадоа поддршка, знаејќи го значењето на јавниот радиодифузен сервис, за кои што и подоцна малку ќе зборувам.

Меѓутоа, подготвувајќи се за оваа седница, јас стигнав до еден документ кој што се вика медијски закон и негова примена во југоисточна Европа, каде што можам да ви го покажам и Македонија е тука по однос на пет елементи, а сите тие се најцрни. А, црното значи дека нема напредок во тој дел, сивото мал напредок, додека белиот односно белото квадратче значи дека државата, конкретната држава отишла напред во тој елемент. Значи, тој елемент односно тие се пет елементи и тоа јасна и поштена распределба на дозволи и фреквенции, вториот е уредувачка независност на јавните емитери, третиот е независно регулаторно тело, четвртиот е пристап до јавните информации и петтиот е заштита на неосновани оптужби за клевета.

Гордо можам да кажам дека трите првите после донесувањето на овој закон, ќе бидат бели. Четвртиот елемент т.е. пристапот до јавните информации тој е сив, во овој момент ќе биде бел, бидејќи е донесена првата фаза на законот, но бел ќе биде кога ќе биде донесен законот за пристап до јавни информации. И, последниот елемент заштита од неосновани оптужби за клевета, јас мислам дека и понатаму ќе остане црн, бидејќи до пред извесно време колку што знам имаше и некоја тужба на новинар, која што негативно се рефлектираше, не само кај нас, туку и во меѓународната јавност. Меѓутоа, би сакал тука да искажам моја благодарност до консултантот на Европска унија господинот Карл Јакубовиќ кој што целиот период го пратеше процесот на и зготвување на овој закон и во крајна фаза ми помогна на барање на Комисијата за транспорт и врски да го подготвиме амандманот за музичките квоти од македонски автори или вокалните музички квоти на македонски јазик. Тој е подготвен во корелација со полскиот закон за радиодифузија и тоа од членот 15. Тука би сакал исто така да му искажам голема благодарност.

Инаку, во последен период пред еден месец излезе едно испитување подготвено од Институтот за отворено општество во Будумпешта наречено Телевизијата во Европа, регулатива, политика и независност, која што е направена во 20 европски држави и од членки на Европска унија, кандидати, потенцијални кандидати во кој што беше и Република

Македонија и тоа држави од Велика Британија до Турција и од Романија до Франција. Тоа претставува најголемо компаративно испитување досега направено во Европа.

Дел од заклучоците се веќе и покрај четирите илјади телевизиски канали кои што постојат во Европа, телевизискиот пазар во Европа е многу концентиран во погледот на сопственичката структура и во гледаноста. Во самиот овој извештај се нагласува во неговите заклучоци дека Телевизијата и понатаму претставува примарен извор на информации на поголемиот дел Европјани, а од денес се надевам и ние на некој начин влегуваме во таа фамилија на Европјани. Меѓутоа, во последен период загрозена е улогата на телевизијата. Загрозена е поради тоа што се поголема е концентрацијата во комерцијалните медиуми, кои што пак од друга страна, заради комерцијалниот принцип се повеќе го загрозуваат јавниот радиодифузен сервис.

Од тука, да не должам која беше крајната цел на ова што го кажував? Крајната цел е да укажам и на пратениците во исправноста на денешната одлука да го поддржат начинот на финансирањето на јавниот радиодифузен сервис, затоа што и препораката од овој документ вели дека националните влади, Парламентите и меѓународните организации, мора да останат верни на двојниот систем на информирање на своите граѓани, т.е. на Јавниот радиодифузен сервис и на приватните емитери како основа на демократијата. Исто така и Владите и Парламентите мора да обезбедат транспарентност во финансирањето на јавните електронски медиуми и оттука би сакал да ја поддржам цело ова денешно гласање на пратениците и да се заблагодарам што им дадоа поддршка на амандманите што денес беа изгласани тука. Би сакал крајно да кажам дека пратеничката група на СДСМ ќе го поддржи овој закон. Законот нема самиот по себе да спроведе ред во етерот, меѓутоа неговото спроведување може да донесе големи бенефиции на Република Македонија во наредниот период.

Јас ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучуам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата за да пристапиме кон гласање.

После шест години еве сме на чинот на гласање на еден закон.

Ги молам претениците кои се во канцеларии, во ресторанот, во клубот да дојдат за да завршиме со денешнава работа, а и тие што се дома ако може за пет или 10 минути да стигнат.

Ссега сме 61 пратеник. Не сакам независните пратеници да ги повикам, бидејќи обезбедивме кворум.

Господа пратеници ве потсетувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 од Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 пратеник, 59 гласале, 51 за, 7 воздржани, 1 против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлог законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот на законот, молам да крене рака.

11 пратеници.

Дали има некој против? (Нема)

Дали има воздржан? (Нема)

Констатирам дека на седницата присуствуваат 11 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Од нив за Предлогот на законот гласаа 11 пратеници, нема против, нема воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за радиодифузна дејност.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 111 седница на Собранието на Република Македонија.

Утре ве поканувам во 16,00 часот ќе имаме обраќање на комесарот Оли Рен. Комесар за проширување на Европска унија.

Ви благодарам и пријатно.

(Седницата заврши во 16,15 часот).